РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-976/4
13.03. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25) и извештајот од Стручната комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии формира на 45 седница одржана на 30.12.2025 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 50-та седница одржана на 24.02.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на ментор на докторски студии**

1. Д-р Лихнида Стојановска - Георгиевска, редовен професор на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Метрологија, од трет циклус на студии (бр. на акредитација 08-1090/4 од 05.03.2026 година).
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По донесеното барање бр. 08 – 2028/2 од 10.12.2025 година (наш бр.08 – 976/1 од 15.12.2025 година) за акредитација на ментор на докторски студии, на студиска програма Метрологија, на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, за проф. д-р Лихнида Стојановска - Георгиевска, Одборот за акредитација на високото образование, на 45 - та седницата одржана на 30.12.2025 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, заверено со бр. 08 - 976/3 од 25.02.2026 година, согласно Законот за високо образование* и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 50 - та седница одржана на 24.02.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Марјан Ѓуровски